**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Десеттото продолжение на Дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 јануари 2007 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,14 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по 12-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Љубисав Иванов Ѕинго, Зоран Витанов, Ристо Пенов, Фиат Цановски, Јани Макрадули, Радмила Шекеринска, Љубчо Георгиевски, Данаил Дончев, Ѓорѓи Оровчанец и Абдулади Вејсели ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Од страна на Минисерството за правда известен сум дека не можат за денешната седница да обезбедат свој претставник, а од причини кои ги знаеме, од објективни причини и според тоа предлагам да минеме на 18 точка за да не губиме време, а тоа е Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за радиодифузна дејност.

(Од место се јавија пратениците и бараат половина час пауза).

Повелете, половина час пауза, со право ја барате.

(По паузата седницата продолжи во 12,00 часот).

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

**Продолжуваме со точка 18 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за радиодифузна дејност, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со Предлог на закон и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот на донесување на законот.

Молам кој бара збор?

Има збор господинот Рафис Алити, повлете.

**Рафис Алити:** Благодарам за зборот,

Јас навистина очекував вие како претседавач на седницата, како прв меѓу еднаквите во Собранието да го почитувате тоа што е поминато на ова Собрание, или пак во традиција во ова Собрание. Во врска со тоа што на дневен ред е законот за радиодифузна дејност да им дадете до знаење на пратенците дека овој закон се гласа со Бадинтерово мнозинство. Така што, вие не знам свесно или несвесно правите прекршување кое што не е во ред. Доколку овие работи службите не би ги кажале, добро би било да ги земете стенограмите и да видите како е донесен Законот за радиодифузна дејност. И се знае кога се прават измени во овој Предлог закон, треба да важи истото правило и истиот стандард, што значи доколку ги немате стенограмите, ги имам јас тука, доколку не, треба да ги побарате од службите за да им биде јасно на пратениците дека ќе се гласа и со двојно мнозинство. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Јас ќе го искористам своето право да се консултирам околу тоа, но тоа мислам дека не би пречело да ја отвориме дискусијата, а во текот на денешната седница јас ќе ги извршам тие консултации.

Има процедурално господинот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Јас би побарал половина час пауза да се добие стенограмот за Законот кој што е донесен за радиодифузија, јас го имам со себе стенограмот и е донесен со Бадинтерово мнозинство. Така што верувам дека господинот Георгиевски ќе ја даде таа пауза.

**Љубиша Георгиевски:** Половина час пауза за консултации мене ќе ми требаат.

(Пауза од 12,05 часот)

(По паузата седницата продолжи во 12,52 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Продолжуваме со седницата.

Во однос на изникнатиот збор, а по повод на процедуралната интервенција на господинот Алити, како шеф на пратеничката група на ДУИ, се состана претседателството и реши да постапи на следниот начин:

Прво, во однос на спорот гледано ексагрупто, за кратко време, точно заради тоа реши да посвети подолго време, ден или два, на студијата на овој случај.

Второ, ексагрупто согледбите на извесен начин не натера да се посомневаме во исправноста на една автоматска постапка, која се базира врз дадениот случај, така како што го изнесе шефот на пратеничката група, господинот Алити, што е точно. Тој е во право дека во транскриптот на седницата, во право е дека Законот, бившиот Закон е донесен со Бадинтерово мнозинство. Но, тука се завршува едната ситуација, а почнвуа другата, која сега не сакам да ја отворам, бидејќи другата ситуација ќе биде објект на дводневно или тродневно анализирање и потоа закажувам седница на сите координатори на 17 во 10,00 часот, на која што претседателството ќе излезе со конкретна простудирана со се сите експертски анализи итн, ситуација врз која ќе се базира предлогот. До тогаш, го молам Комитетот за односи меѓу заедниците, исто така да ја разгледа таа ситуација и евентуално да донесе свое решение.

За денес ја прекинувам седницата тука по закажаниот дневен ред и предлагам по 15 минути пауза, онака како што беше вчера најавено, да продолжиме со Законот за празниците. Благодарам.

15 минути пауза за преориентација на темата.

(Седницата прекина со работа во 12,57 часот)